Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење

**МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје**

Македонска Банкарска Асоцијација

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

## ЗА ПЕРИОД ОД 01.01.2023 ГОДИНА ДО 31.12.2023 ГОДИНА

**Скопје, јануари 2024 година**

# Содржина

**Вовед ............................................................................................................ 3**

**1. Реализирани активности согласно Програмата на Македонска банкарска асоцијација за 2023 година..........................................................................3-9**

**2. Финансиски извештај ..........................................................................9-10**

**3. Заклучок ..................................................................................................10**

## Вовед

Во Извештајот за реализирани активности на Македонската банкарска асоцијација (во понатамошниот текст МБА) се презентирани активностите кои согласно Програмата за дејствување за 2023 година се реализирани до 31.12.2023 година.

МБА на 15.02.2023 година достави апликација за членство во Европската тренинг асоцијација за банкарство и финансиски услуги ЕБТН (European Banking and Financial services Training association, EBTN) со седиште во Брисел, Белгија,

На 16.6.2023 година, претседателката на МБА присуствуваше на годишното собрание на ЕБТН во Париз на кое МБА се стекна со статус полноправен член. На собранието од страна на Банкарската асоцијација на Грција беше покренато прашањето во врска со името на МБА. На 18.10.2023 година МБА доби потврда за полноправно членство.

На 40-тата седница на Собранието на МБА беше прифатено барањето за електронска размена на податоци со ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција. Исто така Собранието го поддржа и проектот во времетрање од три години за формирање финансиски ЦИРТ во рамки на МБА.

На 25.5.2023 година МБА потпиша договор со ACI Financial Market Association (ACI FMA) Париз за полагање на ACI испитите во просториите на МБА, а во текот на септември успешно се реализира и првото онлајн полагање.

На 22.8.2023 година, се одржа средба со министерот за финансии и министерката за труд и социјална политика, на која се постигна договор за напуштање на праксата за предвремена исплата на пензиите (договорена за време на ковид кризата во март 2020 година).

На 31.8.2023 година МБА до Уставниот суд на Р.С.Македонија достави Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за измени и дополнување на Закон за облигациони односи.

На 41-тата седница на Собранието е донесена одлука за формирање Комисија за ЕСГ, која на 22.9.2023 година одржа конститутивен состанок.

МБА ќе учествува како партнер на Frankfurt School of Finance & Management во ЕРАЗМУС проект насловен: European micro-credentials and professional qualifications certification system in the banking & financial services sector MiCreS.

**Реализирани активности согласно Програма за 2023 година за дејствување на МБА**

Согласно Програмата за дејствување на 2023 година, МБА ги има реализирано следниве активности:

***Редовни активности***

- **редовно одржување седници на Собранието на МБА (во текот на цела година**)
    - 23.02.2023 година, одржана 40 - та седница на Собранието на МБА
    - 28.07.2023 година, одржана 41 - та седница на Собранието на МБА
    - 27.10.2023 година, одржана 42 - та седница на Собранието на МБА
- **редовно објавување на Националната референтна каматна стапка НРКС -** НРКС се објавува на веб страната на МБА согласно усвоените Правила за објавување
- **редовно објавување на меѓубанкарска каматна стапка на пазар на депозити СКИБОР (Skopje Interbank Offered Rate)** - објавувањето на веб страната на МБА се реализира веднаш по објавување на каматните стапки СКИБОР од страна на Народна банка на РСМ
- **Одбор за избор и следење на референтни банки**
    - 03.02.2023 година, прифатена понуда од Неоком за апликацијата SPIDER SKIBOR

- 08.02.2023 година, доставено барање за воведување контрола при внес на СКИБОР каматни стапки до Еуропоинт
- 16.3.2023 година, одржана 11. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки
- 19.5.2023 година, одржана 12. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки
- 06.10.2023 година, одржана 13. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки
- 21.12.2023 година, одржана 14. Седница на Одборот за избор и следење на референтни банки

➢ **редовно одржување на состаноци на Комисиите на МБА**

Во 2023 година одржани се 107 состаноци:

- Правна комисија 13
- Комисијата за СПП и усогласеноста со прописи 12
- Комисија за ризици 12
- Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ 5
- Комисија за документарно работење 7
- Комисија за платен промет во земјата 18
- Комисија за ликвидност 12
- Комисија за информативна сигурност 9
- Комисија за човечки ресурси 3
- Комисија за финансиско реструктуирање 5
- Комисија за работа со хартии од вредност 8
- Комисијата за заштита на лични податоци 2
- Комисија за ЕСГ 7

Извештајот за работа на секоја од комисиите е во прилог

➢ **редовно издавање на МБА е – билтен**

- 31.3.2023 година, објавен деветиот број на кварталникот МБА Е-билтен
- 30.6.2023 година, објавен десетиот број на кварталникот МБА Е-билтен
- 19.10.2023 година, објавен единаесетиот број на кварталникот МБА Е-билтен
- 29.12.2023 година, објавен дванаесетиот број на кварталникот МБА Е-билтен

➢ **соработка со НБРСМ, Министерството за финансии на РСМ и другите институции важни за одржување на финансиската стабилност во земјата; редовно давање мислења до сите надлежни органи и институции по однос на подготвени текстови на предлози на законски, подзаконски прописи и останати акти**

Во текот на  2023 година МБА има доставено вкупно 65 дописи, најголем број до Народна банка - 35 дописи, до Министерството за финансии 13 дописи а останатите до други институции. Подолу се издвоени позначајни дописи

Претседател на Република Северна Македонија

- 19.7.2023 година доставен допис во врска со Указ за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи (копија Народна Банка)

Претседател на Собрание на Република Северна Македонија Народна Банка на РС Македонија, Министерство на финансии, Министерство на правда и Комисија за политички системи меѓу заедниците и Законодавно правна комисија при Собранието на РС Македонија

- 09.05.2023 година, доставен допис - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за облигационите односи, до Собрание на РС Македонија

Претседател на Влада на Република Северна Македонија, Народна банка, Министерство за внатрешни работи и Управата за финансиско разузнавање

- 01.11.2023година, доставен допис - Барање за појаснување на статус на лична карта

Уставен суд на Република Северна Македонија

- 31.8.2023 година, доставена Иницијатива за поведување постапка за оценување на уставноста на Законот за измени и дополнување на Закон за облигациони односи

Министерство за финансии:

- 14.6.2023, 15.6.2023 и 26.6.2023 година година од Комисијата за ликвидност доставени забелешки и дополнувања на Правилникот за државни хартии од вредност
- 18.7.2023 и 25.10.2023 година доставен одговор и информација во врска со Предлог-законот за измени и дополнувања на Законот за ПУПС

Народна банка на РС:

- 08.02.2023 и 16.02.2023 година доставени забелешки на Предлог за изменување и дополнување на Упатството за спроведување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар од Комисијата за ризици и Комисијата за сметководство, даноци и МСФИ
- 07.3.2023 година, доставени обединети коментари и забелешки од Комисијата за СПП и усогласеност со прописи и Комисијата за ризици на Предлог - циркулар за заштита на потрошувачи – корисници на услуги во банкарскиот сектор
- 24.4.2023 и 11.7.2023 година, од Комисијата за ризици доставени забелешки и прашања на Предлогот за изменување и дополнување на Одлуката за макропрудентните инструменти за квалитетот на кредитната побарувачка од физичките лица
- 30.6.2023 и 29.12.2023 година од Комисијата за ризици доставени коментари и забелешки по Предлог - упатство за спроведување на Одлуката за методологијата за управување со кредитен ризик и Прашања и предлози во врска со примената на Одлуката за методологија за кредитен ризик важечка од 01.01.2024 година
- 09.8.2023 година, од Комисијата за ликвидност доставено Барање во врска со задолжителната резерва
- 21.9.2023 година од Комисијата за СПП и усогласеност со прописи доставени Коментари на Предлог - одлуката за спречување на перење пари и финансирање на тероризам
- 25.9.2023 година, од Комисијата за ризици и Комисијата за ЕСГ доставени коментари на Предлог – насоките за начинот на управување со ризиците поврзани го климатските промени
- 27.10.2023 година, доставен допис – Објавување на податоци за примени поплаки, а на 26.12.2023 година проследено повратно известување од Народна банка до

членовите на Собраниео на МБА - Извештај за поплаките примени во банките и штедилниците во 2022 година

- 20.11.2023 година, од Комисијата за платен промет во земјата и странство доставен допис нацрт - Упатство за хартиената форма на платните налози
- 05.12.2023 година, доставен допис - Предлог календар на работни денови на МИПС во 2024 година
- 12.12.2023 година, доставен допис - во врска со предлог - Упатство за хартиената форма на платните налози
- 26.12.2023 година, од Работната група за унапредување на тргувањето на девизен пазар, формирана од страна на Комисијата за ликвидност доставено - Барање за додавање функционалности на апликација Spider FX и Предлог- договор за банки поддржувачи и други банки за меѓусебно купување и продавање девизи на девизниот пазар

ЕНЕР - објавени коментари, забелешки и предлози за унапредување на следните предлог закони:

- 31.3.2023 година, Нацрт -закон за финансиски инструменти и Нацрт - закон за проспект и обврски за транспарентност на издавачите на хартии од вредност
- 09.8.2023 година, Нацрт - закон за решавање на банки
- 25.8.2023 година, Предлог на Законот за трговски друштва
- 21.9.2023 година, Предлог на Закон за безбедност на мрежни и информациски системи и дигитална трансформација
- 30.11.2023 година, Закон за катастар на недвижности (работна верзија до Агенцијата за катастар на недвижности)
- 01.12.2023 година, Предлог Закон за конфискација на имот во граѓанска постапка

До комисиите при МБА се проследени 211 дописи примени од надлежни институции.

- **организирање на националниот натпревар за Европскиот квиз на пари во текот на Европската недела на пари**
  - 17.01.2023 година, доставено Известување за организирање на Европски квиз на пари до НБРСМ, Комисијата за хартии од вредност, Министерство за финансии и Министерство за образование и наука и на 23.01.2023 година, отворен Јавен повик за учество на Европски квиз на пари 2023
  - 10.02.2023 година, одржан онлајн состанок со претставници МБА, Народна банка, Комисија за ХВ во врска со организацијата на настаните за Европски квиз на пари а на 24.02.2023 година, одржана подготвителна средба со учениците и менторите
  - 20.3.2023 година, одржан прв круг од Националниот натпревар Европски квиз на пари 2023 а на 24.3.2023 година, одржано финалето на националниот натпревар Европски квиз на пари
- **редовно известување на јавноста за работењето преку одржување на интернет страната со ажурирани податоци, како и користење на медиуми (социјални медиуми, интернет портали, печат, радио и телевизија)**
  - редовно доставување одговори на новинарски прашања
  - 24.02.2023, 17.5.2023, 12.6.2023 година доставени соопштенија до јавноста во врска со Европскиот квиз на пари
  - 16.3.2023 година, интервју со претседателката д-р Маја Стевкова Штериева на тема, портал Локално мк

- 24.3.2023 година, интервју на тема - Инфлаторни движења во РС Македонија, за Зум ин, Блумберг Адриа
- 06.6.2023 година, објавено соопштение до јавноста дека деловните банки во нашата земја не прифаќаат ефективни парични средства во валута норвешка круна (NOK) и шведска круна (SEK)
- 12.6.2023 година, гостување во МРТ на победнички тим на ЕКП, менторот и извршниот секретар и одржан настан по повод петгодишниот јубилеј на Европскиот квиз на пари во МБА на кој присуствуваа д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, гувернерката д-р Анита Ангеловска – Бежоска, и трите победнички тима во 2023 година
- 27.7.2023 година, објавени две соопштение за јавноста поврзани со проблеми со картичните брендови VISA и MasterCard
- 07.9.2023 година, објавено соопштение за јавноста во врска со непрофесионално изнесени наводи и наслов кај одредени медиуми во врска со висината и начинот на пресметување на надоместоци за прифаќање на банкарски картички
- 13.10.2023 година, објавено соопштение за јавноста во врска со тековните измами поврзани со картичките
- 06.11.2023 година, гостување во утринска програма на националтана телевизија МТВ, претставник на МБА Елеонора Згоњанин Петровиќ, Управител на Штедилница Фулм
- 06.12.2023 година, учество во емисијата Само прашај на националната телевизија МТВ1 на тема *Фишинг,* на претставник од Комисијата за информативна сигурност и Дирекцијата за банкарски картички и платежни сметки на членка на МБА
- Објавување на социјални медиуми LINKEDIN

***Соработка со Европската банкарска федерација***

- **учество на 56 и 57. состанок на асоцијативните членки на Европската банкарска федерација,**
  - 05.6.2023 година, присуство на м-р Тони Стојановски, заменик Претседател на Македонската банкарска асоцијација на 56 состанок на асоцијативните членки на Европската банкарска федерација, Брисел, Белгија
  - 25.9.2023 година, присуство на м-р Милена Перчинкова, извршен секретар на 57 состанок на асоцијативните членки на Европската банкарска федерација што се одржа во Белград, Србија

- **учество на состаноците на Работна група за финансиска едукација при Европската банкарска федерација**
  - 04.4.2023 и 13.10.2023 присуство на изршниот секретар како член на работната група

- **учество на Европскиот квиз на пари**
  - 16.5.2023 година, учество на националните победници, нивниот ментор и извршниот секретар на МБА на меѓународниот натпревар Европски квиз на пари 2023 во Брисел, Белгија

***Други активности***

- **подготовка и аплицирање на Проекти за промовирање на цели и задачи на МБА, посебно за развој на свеста за професионални и етички прашања поврзани со банкарството и банкарскиот сектор, вклучувајќи и развој на финансиската и дигитална едукација**

- Редовно проследување покани за едукативни настани до Комисијата за човечки ресурси и релевантните комисии
- 12.01.2023 и 19.01.2023 година, одржани состаноци со претставници од EBTN
- 15.02.2023 година, доставена апликација за членство во ЕБТН, European Banking & Financial Services Training Association, *EBTN* Brussels
- 25.5.2023 година, потпишан договор со АЦИ Париз, ACI-FMA и МБА за полагање на ACI испитите во просториите на МБА
- 28.9.2023 година, до ЕБТН доставена Декларација за членство (EBTN Declaration of Membership
- 29.9.2023 и 24.11.2023 реализирано онлајн полагање на ACI испит, дел од едукативната програма на ACI Financial Market Association

- **присуство на МБА на социјалниот медиум Linkedin**
  - од 28.02.2023 година, МБА редовно објавува на социјалниот медиум Linkedin

- **одржување состаноци на жените - членови на УО на банките и штедилниците**
  - на 22.3.2023 година, се одржа настан за жени на раководни фунции од банкарскиот сектор “Woman executive green talks”
  - 23.11.2023 година, присуство на претседателката на Трет годишен самит на националната платформа за женско претприемништво на тема жени во претпримништвото, клуч за зајакнување на економијата)
- **учество на претставници на МБА (претседателство, вработени и претставници на комисиите) на настани организирани од други банкарски здруженија, семинари, работилници и други настани**
  - 27.01.2023 година, претседавачот на Комисијата за лични податоци присуствуваше на јавен настан “Заедно за заштита на личните податоци” во организација на Центарот за правни истражувања и анализи, Делегацијата на Европската Унија, Фондацијата за Интернет и општество Метаморфозис и Агенцијата за заштита на личните податоци
  - 03.02.2023 година, одржан состанок на АЦИ Македонија-ЗФП
  - 09.02.2023 година, одржан настан на тема Maximizing Sustainable Finance Opportunities во организација на International Finance Corporation (World Bank Group) во соработка со МБА
  - 21.02.2023 година, одржан состанок на Комисијата за информативна сигурност - Brainstorming meeting with MBA and CIDR Program regarding Fin CIRT (USAID Critical Infrastructure Digitization and Resilience Program)
  - 06.4.2023 година, одржана работна средба со извршниот директор и член на Одборот на директори на Косовската банкарска асоцијација д-р Петрит Балија
  - 01.6.2023 година учество како панелист на претседателката на МБА на конференција во организација на European Woman Payments Network
  - 16.6.2023 година, присуство на претседателката на МБА на годишното собрание на членките на European banking and financial services training association, EBTN во Париз
  - 06.7.2023 година МБА биде домаќин на Албанската асоцијација на банки, заменик претседателот на МБА Тони Стојановски и извршниот секретар Милена Перчинкова одржаа работна средба со Спиро Брумбули генералниот секретар на Албанската асоцијација на банки и неговиот тим.

- 20.7.2023 година, претседателката на МБА и извршниот секретар присуствува на настан World Bank Country Partnership Framework with North Macedonia for the period 2024 – 2028
- 26-27.9.2023 година, на 22. годишна конференција на Македонската берза МБА ја претставуваа шест членови на комисиите
- 06.10.2023 година, учество на јавна дебата во Владата на РСМ на тема: Законот за безбедност на мрежи и информациски системи и дигитална трансформација на Претставник на МБА, заменик претседавач на Комисијата за информативна сигурност
- 05.10.2023 година, присуство на претседателката и извршниот секретар на Форум за одржливи финансии - Sustainable Finance Forum, во Приштина
- 17.10.2023 година, присуство на претставници на МБА на 22.Годишна конференција на Македонска Берза
- 19.10.2023 година, присуство на претседателката на МБА на 46. Регионална конференција во организација на Банкарска асоцијација на централна и источна Европа БАЦЕЕ - BACEE International Banking Conference, во Будимпешта, Унгарија
- 25.10.2023 година, присуство на претставник од Комисијата за информативна сигурност на форум - Зајакнување на сајбер заштитата преку соработка и најдобри практики во банкарската индустрија, во Приштина, во организација на Банкарската асоцијација на Косово и Албанската банкарска асоцијација
- 17.11.2023 година, присуство на настан - Role of Private and Financial Sector in Sustainable Development, Development Financing and Green Transformation, претставник на МБА Билјана Хаџи Велкова
- 17.11.2023 година, присуство на настан – Балкански економски форум, Balkan economic forum, Tirana Albania, претставник на МБА Извршен секретар како модератор
- 02.11.2023 година, присуство на настан - 86.та Средба на правници преставник, претставник на МБА Претседавач на Правната Комисија
- 29.11.2023 година, одржан состанок со претставници на ММФ и Народна банка, на кој претставници на МБА беа членови на Работна група за унапредување на тргувањето на девизниот пазар преку Spider FX
- 01.12.2023 година, присуство на состаноци Проект ИСИДОРА, во организација на Народна банка
- 15.12.2023 година, учество на онлајн настан – Панел дискусија на тема Дигитално Евро, во организација на Централната Банка на Словенија каде панелисти се гуверенерите од повеќе централни банки, на покана од АЦИ Словенија
- 05.12.2023 година, присуство на Банкарскиот самит 2023 на тема - Новини и предизвици во банкарскиот сектор од аспект на банките и од аспект на регулаторите, во организација на Здружението на банки на Србија - *Udruženje banaka Srbije*, на претседатеката на МБА како панерлист и Извршниот секретар на МБА

**Финансиски извештај за период од 01.01.2023 до 31.12.2023 година**

За спроведување на предвидените активности во Програмата за дејствување за 2023 година, се користат средствата собрани од членарина.

Предвидените приходи од чланарина не се реализирани бидејќи согласно објавената класификација на банките по групи според актива од Народната банка во март 2023 година, Стопанска банка АД Битола и ЦКБ банка АД Скопје од април 2023 година се во групата на мали банки и плаќаат намалена чланарина.

Надминатиот износ на чланарини се должи на нови, непредвидени трошоци од ЕБФ за организација на Европскиот квиз на пари и користење на електронската платформа Kahoot.

Во МКД

| | | План за 2023 година | Реализирано 31.12.2023 |
|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **11.858.600** | **12.020.715** |
| 1 | Приходи од членарини | 6.789.600 | 6.721.221 |
| 2 | Камати и други приходи | / | 391 |
| 3 | Пренос | 5.069.000 | 5.299.103 |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **10.241.136** | **7.894.794** |
| 1 | Канцелариски материјали | 65.000 | 32.304 |
| 2 | Услуги за одржување, ИТ и други | 608.400 | 395.802 |
| 3 | Превоз, телефон, ПТТ | 667.500 | 346.953 |
| 4 | Трошоци за репрезентација | 1.156.800 | 1.139.826 |
| 5 | Наем на канцелариски простор и техничка опрема | 1.456.608 | 1.333.664 |
| 6 | Банкарски услуги, негативни курсни разлики, нотарски трошоци, премии за осигурување | 45.000 | 30.562 |
| 7 | Службен пат | 802.500 | 443.059 |
| 8 | Сметководствени услуги | 172.928 | 176.609 |
| 9 | Фонд за едукација и унапредување на работата на МБА, договори на дело и друго | 1.250.000 | 638.273 |
| 10 | Набавка на мебел, компјутер, принтер | 500.000 | 186.716 |
| 11 | Плата, регрес | 2.946.000 | 2.550.488 |
| 12 | Членарини ЕБФ, ЕКП, ЕБТН | 570.400 | 620.538 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | | **11.858.600** | **12.020.715** |
| **ВКУПНИ ТРОШОЦИ** | | **10.241.136** | **7.894.794** |
| **САЛДО** | | **1.617.464** | **4.125.921** |

**Заклучок**

Заклучно со 31.12.2023 година, Програмата за дејствување на МБА за 2023 година и Финансискиот план на МБА за 2023 година во најголем дел се реализирани согласно планираното.

На веб страната на МБА www.mba.mk во делот „**Само за членови**" се објавува детален извештај за реализирани активности во текот на секој месец.